**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура |
| Министерство: | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Абдилгафар Синани, раководител на Сектор |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Влада на РМ-февруари, 2010<br>Собрание на РМ-март,2010 |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Регулатива 2008/ 736/EZ<br>2006/1198/EZ |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

Со донесување на Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр.07/08) и следење на состојбите на теренот се констатираа одредени проблеми поврзани со обезбедувањето на потребната документација уредени во други правни прописи, а која се однесува на регистрацијата на субјектите кои одгледуваат риби. Исто така се наметна потребата од уредување на материјата која се однесува на мерките предвидени како државна помош и начинот и критериумите за користење на истата што воедно беа и насоки добиени на петтиот состанок на поткомитетот за земјоделство и рибарство. На состанокот на поткомитетот беше укажано да се извршат и измени во делот на казнените одредби. Воедно се наметна потребата и за одредени несуштински промени во текстот како и негово номо-техничко подобрување.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

За реализација на активностите беа разгледани два модела:

Модел I – "Не прави ништо"

Модел II - Изменување и дополнување на постоечкиот Закон за рибарство и аквакултура.

Имајќи предвид дека ЕУ објави регулативи кои го уредуваат делот на државната помош во областа рибарството и аквакултурата, со цел хармонизирање на националното со европското законодавство работната група го прифати Модел II.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Министерство за животна средина и просторно планирање, риболовни и рибарски здруженија, овластени институции од областа на рибарството.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Податоци за организирање на рекреативниот риболов, податоци за регистрирани одгледувачи на риба и субјекти кои вршат дејност аквакултура, а не се усогласени со одредбите од овој закон, податоци за регистрирани репроцентри, како и податоци утврдени во риболовните основи за одделни риболовни води.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Извештаи од сите релевантни чинители од областа на рибарството и аквакултурата како и податоци од инспекцискиот надзор и извршените контроли од ДИЗ по однос на спроведување на одредбите од Законот.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)

Иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Не, од причини што промените на законот не се од суштински карактер. За проблематиката која има допирни точки со рибарството и аквакултурата редовно се вршат консултации со Секретеријатот за европски прашања, Секретаријат за законодавство, Министерство за Финансии, Министерство за правда, Министерство за животна средина и просторно планирање, Овластени институции од областа на рибарството како и риболовни и рибарски здруженија.

## Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

Започнати се во средината на 2009 година.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

Не е предвидено вклучување на надворешни консултанти.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

Февруари 2010.

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

Вработените државни службеници во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Сектор за земјоделство, одделение за рибарство и аквакултура.